Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**Бр. 13-1537/6 од 26.02.2021 год.**
**(врска бр. 13-428 од 2020 год.)**

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18 и 168/2018), и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 09-10814/4 од 25.12.2018 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10101/12 од 25.12.2019 година и Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година за изработка на Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.01-Блок 1 и Блок 2, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

## РЕШЕНИЕ

**за формирање комисија за спроведување на постапка**
**за јавна анкета и јавна презентација**
**по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.01-Блок 1 и Блок 2 ,Општина Кисела Вода**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј20,Блок Ј20.01-Блок 1 и Блок 2

2. Комисијата има задача да подготви и објави анкета за изложување на предлог Деталниот урбанистички план, да ја следи јавната анкета и врз основа на забелешките од граѓаните да подготви извештај со образложение за прифатени и неприфатени забелешки.

3. Комисијата се состои од 3 члена од кои еден член е претставник на изработувачот на планот, еден член – вработено лице од општинската администрација надлежно за урбанистичко планирање и еден член е стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

4. За членови на Комисијата се именуваат:
- М-р Снежана Јовановска,д.и.а. - Претставник од ТАЈФА ПЛАН ДОО-Скопје
- М-р Ивана Зафировски д.и.а - Претставник од Општина Кисела Вода
- Сандра Ангелов д.и.а – стручен работник од областа на урбанистичкото планирање

5. Решението да се достави до членовите на Комисијата

6. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

На Општина Кисела Вода

**Филип Темелковски**